Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-2632/2
Скопје 04-12-2024 година

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" 24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Министерот за правда Игор Филков донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на најповолен понудувач во постапка објавена со оглас број 17138/2024

1. За најповолен понудувач за набавка на услуги – Сервисирање и одржување на службени моторни возила со замена на резервни делови деловите 1, 2, 3 и 4 се избра:

   **„Друштво за производство трговија и услуги СГ АУТО ДОО Скопје"**

2. Се задолжуваат Секторот за општи работи и Секторот за финансиски прашања да ја спроведат оваа Одлука.

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишен план за јавни набавки бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година, прва измена на Годишен план за јавни набавки бр. 05-345/2 од 05.11.2024 година, втора измена на Годишен план за јавни набавки бр. 05-345/3 од 08.11.2024 година, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на услуги – Сервисирање и одржување на службени моторни возила со замена на резервни делови.

Министерство за правда врз основа на спроведената поедноставена отворена постапка за набавка на услуги, согласно член 49 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставените понуди од страна на 2 (двајца) економски оператори каде


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

за дел 1 беше поднесена една понуда, за дел 2 беа поднесени 2 понуди, за дел 3 беа поднесени 2 понуди и за дел 4 беше поднесена една понуда и по спроведените електронски аукции за дел 2 и 3 преку ЕСЈН, а согласно член 112 од ЗЈН, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерство за правда по спроведена поедноставена отворена постапка за набавка на услуги објавена со оглас број **17138/2024.**

Правна поука: Согласно член 138 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе ЖАЛБА до Државната Комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува во електронска форма истовремено до Договорниот орган и до Државната Комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на примот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на рамковна спогодба за јавна набавка.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков